Македонски
центар за
меѓународна
соработка

# ДОВЕРБАТА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

2008

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Сашо Клековски
Прв извршен директор

**Автори**
Сашо Клековски
Александар Кржаловски
Сунчица Саздовска
Гонце Јаковлеска

**Координатор на проектот**
Даниела Стојанова

**Лектура**
Даниел Медароски

**Скопје, декември 2008 г.**

**Тираж:**
300

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

316.653:342.5(497.7)”2007”(0.034.44)
342.5:316.6533(497.7)”2007”(0.034.44)
316.653:061.2(497.7)”2007”(0.034.44)
061.2:316.653(497.7)”2007”(0.034.44)

Довербата во граѓанското општество [Електронски извор] / [автори Сашо Клековски... и др. ]. – Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2008. – 1 електронски оптички диск (CD ROM) ; 12 см.

ISBN 978-9989-102-74-5
1. Клековски, Сашо [автор]
а) Јавно мислење – Државни институции – Македонија – 2007 – CD-a
б) Државни институции – Јавно мислење – Македонија – 2007 – CD-a
в) Јавно мислење – Невладини организации – Македонија – 2007 – CD-a
г) Невладини организации – Јавно мислење – Македонија – 2007 – CD-a

COBISS.MK-ID 75394058

Copyright © 2008 Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), Скопје. Сите права се задржани.

Мислењата што се овде изразени им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

# СОДРЖИНА

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** .......... **4**
**ПРЕДГОВОР** .......... **5**
**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** .......... **6**
**ИНДЕКСИ** .......... **7**
**ВОВЕД** .......... **9**
Термини и дефиниции .......... 9
Методологија и пристап .......... 9
**I. ДОВЕРБА И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ** .......... **11**
Вовед .......... 11
Доверба во сличните и општа доверба .......... 11
Доверба во институциите .......... 11
Доверба во државниот сектор .......... 12
Доверба во деловниот сектор .......... 13
Доверба во граѓанскиот сектор .......... 14
Доверба во професии .......... 14
Заклучоци .......... 16
**II. ТОЛЕРАНЦИЈА** .......... **17**
Заклучок .......... 18
**III. ДОВЕРБА ВО ЦРКВИТЕ И ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ** .......... **19**
Заклучоци .......... 20
**IV. СТАВОВИ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ** .......... **21**
Граѓанските организации и политичките партии .......... 21
Заклучоци .......... 23
**V. ПОЗНАВАЊЕ И МИСЛЕЊЕ ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА** .......... **24**
Вовед .......... 24
Познавање на граѓански организации .......... 24
Ставови (позитивни/негативни) за граѓанските организации .......... 28
Познавање на личности од граѓанскиот сектор .......... 29
Заклучоци .......... 30
**ПРИЛОГ: ПРАШАЛНИК** .......... **31**

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

АДИ: Асоцијација за демократски иницијативи
ВМРО-ДПМНЕ: Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство
ВМРО-НП: Внатрешна македонска револуционерна организација – Народна партија
ГО: Граѓански организации
ДЕМ: Движење на екологистите на Македонија
ДПА: Демократска партија на Албанците
ДУИ: Демократска унија за интеграција
ЕСЕ: Здружение за еднаквост, солидарност и еманципација
ЗЕЛС: Заедница на единиците на локалната самоуправа
ЗИОМ: Заедница на инвалидските организации на Македонија
ЗНМ: Здружение на новинарите на Македонија
ИВЗ: Исламска верска заедница
ИСППИ: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
МПЦ: Македонска православна црква
МРФП: Македонска развојна фондација за претпријатија
МЦМС: Македонски центар за меѓународна соработка
н.р.: нерелевантно
ОПМ: Организација на потрошувачите на Македонија
СДСМ: Социјалдемократски сојуз на Македонија
СЗПМ: Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија
СОЖМ: Национален совет на жените на Република Македонија
ССУКМ: Сојуз на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“
ФИООМ: Фондација Институт отворено општество - Македонија
ХКЧП: Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
ЦГИ: Центар за граѓанска иницијатива
ЦИРа: Центар за институционален развој
ЦКРМ: Црвен крст на Република Македонија

# ПРЕДГОВОР

МЦМС по трет пат ја истражуваше општата доверба, довербата во институциите, толеранцијата и довербата во граѓанското општество.

Прв пат ја истражуваше во 2006 година, како дел од сопствената ориентација кон „планирање (и застапување) засновано на факти“, МЦМС го издаде извештајот „Довербата и добротворството во Македонија“. Во 2007 г. извештајот беше раздвоен на два посебни дела за доверба и граѓанска одговорност (вкл. добротворство).

Оваа година исто така е подготвен посебен извештај за „Довербата во граѓанското општество“. Во него се презентирани наодите и заклучоците од истражувањето на довербата во Република Македонија спроведено преку усна анкета на национален репрезентативен примерок. Повторно се дадени повеќе индекси за следење на довербата, со кои ќе се олеснат анализите на трендовите. Новина е вклучувањето на истражувањето на довербата во црквите и верските заедници. Промена е направена и во објавувањето на извештајот. Годинава МЦМС реши извештајот да го објави во неколку дела, а крајниот истражувачки извештај да го публикува во електронска верзија на македонски и англиски јазик.

Со периодичното повторување на извештајот и олеснувањето на следењето на трендовите на довербата во Република Македонија сметаме дека ја подобривме употребливоста на овој извештај.

Авторите

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Извештајот „Довербата во граѓанското општество“ доаѓа како резултат на потребата да се провери колкава е довербата на граѓаните во граѓанските организации. Извештајот оди и понатаму. Тој дава поширок поглед на довербата, вклучувајќи ги покрај граѓанскиот, и другите два сектори, државниот и приватниот. Притоа, овозможува увид во ставовите на граѓаните за трите сектори. Големиот број социодемографски варијабли овозможува да се види како ставовите и изјавите содејствуваат со социјалните показатели, родовата и етничката припадност или регионот на живеење. Анкетирањето на репрезентативен примерок е избрано како погодна методологија за проверка на довербата.

Истражувањето покажа дека во Македонија е релативно ниска општата доверба и довербата во институциите. Граѓаните имаат висока доверба во сличните - доверба во семејството (97,8%) и пониска општа доверба (23,1 %) и доверба во институциите.

Индексот на доверба на институциите е 43,9, со раст на довербата во државата (48,1%) и намалување на довербата во деловниот (47%), граѓанскиот сектор(41,7%) и во меѓународна заедница (42,8%). Се забележува понатамошен пораст и на довербата во Владата. Довербата во Владата е зголемена на 51% од 44,6% во 2007 година и 26,6 % во 2006 година. Можна е поврзаност на порастот на довербата во Владата со порастот на довербата во државата на 48,1%, преку 38,6 % во 2007 година од 29,2 % во 2006 година.

Кај деловниот сектор, граѓаните како и во претходните години искажуваат најголема доверба во микропретпријатијата (59,9%) наспроти малите и средните (48,9%), односно големите претпријатија (45,7%).

Споредено со претходната година, нетолеранцијата кон сите групи освен кај луѓето зависни од алкохол и кај жртвите на насилство е во пораст.

Што се однесува до довербата во граѓанското општество, граѓаните најголема доверба имаат во црквите и верските заедници (65,6 %), додека има поделеност во довербата кон граѓанските организации (41,2%). Мало малцинство граѓани имаат доверба во синдикатите (20,1%) и во стопанските комори (23,3%).

Истражувањето покажа дека општата доверба во граѓанските организации е 41,7%. Мнозинство од граѓаните веруваат дека граѓанските организации се за остварување на интересите на граѓаните и можност нивното мислење и дејствување да допре до јавноста. Ставовите дека граѓанските организации се средство со кое вешти поединци доаѓаат до пари и влијание и/или им служат само на интересите на странски држави и на нивните фондации се во малцинство. За 81,8 % од граѓаните, граѓанските организации се злоупотребувани од политичките партии и зад нив се кријат политички партии, но мало малцинство (25%) тоа може да го илустрираат со пример на граѓанска организација зад која се крие политичка партија. Ова може да говори за стереотип за поврзаноста меѓу политичките партии и граѓанските организации, кој не е поткрепен со конкретни аргументи.

Општото познавање на граѓанските организации е добро. Мнозинство граѓани (56,1%) знаат успешни граѓански организации, а споредено со претходно знаат и повеќе за организации кои работат во конкретни области. Познавањето на граѓанските организации е подобрено во сите испитувани области во споредба со 2007 година. Најмногу се познати организации кои работат на намалување на сиромаштијата, а најмалку оние кои работат на економски развој. Јавноста има позитивно мислење за граѓанските организации.

# ИНДЕКСИ

| Општа доверба | | |
|---|---|---|
| Семејство | 97,8 | ↔ |
| **Доверба во институциите** | | |
| Држава | 48,1 | ↑↑ |
| Деловен (приватен бизнис) сектор | 47,0 | ↓ |
| Граѓански (невладин) сектор | 41,7 | ↓ |
| Политички партии | 29,8 | ↑↑ |
| Медиуми | 53,6 | ↔ |
| Меѓународна заедница | 42,8 | ↓ |
| Индекс на доверба во институциите | 43,9 | ↔ |
| **Доверба во државниот сектор** | | |
| Претседател на Република Македонија | 35,6 | ↔ |
| Влада на Република Македонија | 51,0 | ↑↑ |
| Собрание на Република Македонија | 38,0 | ↑↑ |
| Судство на Република Македонија | 21,2 | ↔ |
| Образовни институции | 65,8 | ↔ |
| Јавни комунални претпријатија | 38,8 | ↓↓ |
| Јавни здравствени организации | 55,1 | ↑↑ |
| Локална самоуправа | 44,7 | ↔ |
| Армија на Република Македонија | 64,6 | ↔ |
| Полиција на Република Македонија | 56,6 | ↔ |
| **Доверба во деловниот сектор** | | |
| Големи претпријатија | 45,7 | ↔ |
| Мали и средни | 48,9 | ↓ |
| Микро (семејни) | 59,9 | ↓↓ |
| **Доверба во граѓанскиот сектор** | | |
| Граѓански организации | 41,2 | ↓ |
| Цркви и верски заедници | 65,6 | ↔ |
| Синдикати | 20,1 | ↔ |
| Стопански комори | 23,3 | ↔ |

**Легенда**

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или незначителни промени | Без или незначителни промени = 0 – 3 %<br>Мали = 3,01 – 5 %<br>Умерени = 5,01 –10 %<br>Големи = над 10 % |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

| 10 најуспешни граѓански организации |
|---|
| (Црвен крст на РМ*), Мост, ФИООМ, Ел хилал, СОЖМ, Мешаши, Транспарентност Македонија, МЦМС, ХКЧП, СЗПМ |

| **Индекси на познавање граѓански организации во одговор на општествените приоритети** | | |
|---|---|---|
| Познавање граѓански организации кои работат во полето на сиромаштијата<br>Први пет организации: (Црвен крст на РМ)*, Ел хилал, ФИООМ, Класје на добрината, Мешаши, МЦМС | 52,2 | ↑↑↑ |
| Познавање граѓански организации кои работат во полето на борба против корупцијата<br>Први пет организации: Транспарентност Македонија, ХКЧП, Мост, Нулта корупција-Транспарентност, МЦМС, ССУКМ | 22,3 | ↑↑ |
| Познавање граѓански организации кои работат во полето на развој на економијата<br>Први пет организации: ФИООМ, (стопански комори*), МРФП, ЕСЕ, ЦИРа, МЦМС | 11,4 | ↑↑ |
| Познавање граѓански организации кои работат во полето на развој на граѓанското општество<br>Први пет организации: Мост, ХКЧП, ФИООМ, МЦМС, Транспарентност Македонија | 36,0 | ↑↑ |
| **Индекси на познавање и ставови за дваесет и четири граѓански организации** | | |
| Препознавање граѓански организации | 62,3 | ↔ |
| Познавање граѓански организации | 29,2 | ↔ |
| Доверба во граѓански организации | 21,4 | ↔ |
| Позитивни/негативни ставови за граѓански организации | 3,5 | |
| Први 10 на препознавање граѓански организации | 82,2 | ↔ |
| Први 10 на познавање граѓански организации | 46,6 | ↔ |
| Први 10 на доверба во граѓански организации | 34,7 | ↔ |
| Први 10 на позитивни/негативни ставови за граѓански организации | 5,5 | |
| **Индекси на познавање личности од граѓанските организации** | | |
| Познавање личности од граѓанското општество | 48,9 | ↑↑ |
| Доверба во личности од граѓанското општество | 28,4 | ↑ |
| Доверба/недоверба во личности од граѓанското општество | 1,5 | |
| Први 10 на познавање личности од граѓанското општество | 54,3 | ↔ |
| Први 10 на доверба во личности од граѓанското општество | 31,6 | ↔ |
| Први 10 на доверба/недоверба во личности од граѓанското општество | 1,7 | |
| **Индекси на познавање граѓански организации во одговор на општествените приоритети** | | |
| Познавање граѓански организации кои работат во полето на сиромаштијата | 52,2 | ↑↑↑ |

*Црвениот крст на Република Македонија и стопанските комори не се регистрирани според Законот за здруженија на граѓани и фондации, туку со други релевантни закони, но се вклучени во поширокото сфаќање на граѓанското општество

# ВОВЕД

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Довербата во граѓанското општество во Република Македонија“, која беше спроведена на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Македонија.

Целта на истражувањето беше да се испита довербата на граѓаните во граѓанските организации и актерите во граѓанските организации.

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) му ја довери анкетата на јавното мислење, врз којашто се базира овој извештај, на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања (ИСППИ), чија одговорност беше и методолошката исправност на анкетата.

Ова истражување се спроведува по трет пат. Првото истражување е спроведено во април 2006 г. и објавено во публикацијата „Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија“, а второто во јули 2007 г. и е објавено во публикацијата “Довербата во граѓанското општество“.

## Термини и дефиниции

Во македонската јавност и во стручните кругови не постои взаемно разбирање на концептот (дефиницијата) на граѓанското општество. Во овој извештај е употребена дефиницијата од Цивикус - Индексот на граѓанското општество во Македонија (МЦМС, 2006). Оваа дефиниција гласи „сите формални и неформални граѓански здружувања, организации и мрежи коишто го исполнуваат општествениот простор меѓу семејството, деловниот сектор, политичките партии и власта, а кои се здружуваат заради остварување заеднички цели и интереси“.

Според оваа дефиниција во граѓанското општество се опфатени граѓанските организации (здруженија на граѓани и фондации), црквите и верските организации, синдикатите, стопанските комори и организациите на работодавачите.

## Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со усна анкета во домаќинствата во октомври 2008 година на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници од страна на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања (ИСППИ).

### Прашалник

Прашалниците за анкетата се оние употребени во 2006 и 2007 година, изменети врз основа на искуствата од првите две анкети. Прашањата се подготвени од авторите и од проектниот тим на МЦМС, во соработка со експерти од ИСППИ.

За исполнување на целите на истражувањето, со прашалникот беа опфатени следните варијабли:

- Доверба на граѓаните во институциите од јавниот (државниот), деловниот (приватниот) и граѓанскиот сектор;
- Ставови за граѓанското општество;
- Информираност за граѓанските организации и нивните активности;
- Толеранција;
- Социодемографски карактеристики.

### Примерок

Анкетата беше спроведена во октомври 2008 година на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Од 1.600 испитаници, 49,5 % беа жени, а 50,5 % мажи, во однос на етничката застапеност Македонците беа застапени со 64,1 %, а Албанците со 24,4 %, другите етнички групи беа застапени со 11,5 %. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 39,6 %, додека градската со 60,5 % (град Скопје, со 21,9 %).

## Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со веројатност на точност од 95 % и со грешка од +/- 5 %. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки. Покрај бројките е прикажан трендот во однос на претходната година, за оние податоци кои се споредливи со истражувањето од 2007 година. Легендата на симболите е следна:

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или незначителни промени | Без или незначителни промени = 0 – 3 %<br>Мали промени = 3,01 – 5 %<br>Умерени промени = 5,01 –10 %<br>Големи промени = над 10 % |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

За подобрување на употребната вредност на извештајот и можноста за анализа и споредба употребени се и индекси (показатели). Во табелата подолу се дадени објаснувањата за индексите за граѓанските организации.

Незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 %, и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

## Работна група

МЦМС вклучи неколку свои соработници во сите фази на истражувањето: Сашо Клековски, прв извршен директор, Александар Кржаловски, извршен директор, Сунчица Саздовска, раководител на Одделението за граѓанско општество, Гонце Јаковлеска, соработник за односи со јавноста и Даниела Стојанова, соработник на проекти. Во тимот од ИСППИ беа вклучени Наташа Габер-Дамјановска, Емилија Симовска, Анета Јовевска, Климе Бабунски и Петар Атанасов.

| **Индекси на познавање граѓански организации во одговор на општествените приоритети** | |
|---|---|
| Индекс на познавање граѓански организации кои работат во полето на сиромаштијата, борбата против корупцијата, развој на економијата и кои работат во полето на развој на граѓанското општество | = Σ знам |
| **Индекси на познавање и ставови за дваесет и четири граѓански организации** | |
| Препознавање граѓански организации | = Σ сум слушнал/број на организации |
| Познавање граѓански организации | = Σ знам/број на организации |
| Доверба во граѓански организации | = Σ позитивно мислење/број на организации |
| Позитивни/негативни ставови за граѓански организации | = Σ количник на позитивни и негативни ставови/број на организации |
| Први 10 на препознавање граѓански организации | = Σ сум слушнал/први 10 организации |
| Први 10 на познавање граѓански организации | = Σ знам/први 10 организации |
| Први 10 на доверба во граѓански организации | = Σ позитивно мислење/први 10 организации |
| Први 10 на позитивни/негативни ставови за граѓански организации | = Σ количник на позитивни и негативни ставови/први 10 организации |
| **Индекси на познавање личности од граѓанските организации** | |
| Познавање личности од граѓанското општество | = Σ знам/број на личности |
| Доверба во личности од граѓанското општество | = Σ доверба/број на личности |
| Доверба/недоверба во личности од граѓанското општество | = Σ количник на доверба и недоверба/број на личности |
| Први 10 на познавање личности од граѓанското општество | = Σ знам/први 10 личности |
| Први 10 на доверба во личности од граѓанското општество | = Σ доверба /први 10 личности |
| Први 10 на доверба/недоверба во личности од граѓанското општество | = Σ количник на доверба и недоверба/први 10 личности |

# I. ДОВЕРБА И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

## Вовед

Довербата е клучна компонента на социјалниот капитал. Општо земено, може да се идентификуваат три главни типа доверба: доверба во сличните, општа доверба и доверба во институциите.

Првата е социјална доверба во сличните, партикулизирана доверба или персонализирана доверба. Ова е доверба внатре во заснованите релации или социјални мрежи (семејство, пријатели, соседи итн.).

Втората, општата доверба или социјалната доверба, вклучува доверба во непознати.

Третата доверба е институционалната доверба, која реферира на основана доверба во формалните институции на владеење и на општеството.

## Доверба во сличните и општа доверба

Граѓаните во Македонија во големо мнозинство имаат доверба во семејството (97,8 %), наспроти големо мнозинство граѓани (76,9 %) кои сметаат дека треба да се биде многу внимателен со луѓето. Општа доверба во луѓето имаат 23,1%.

**Графикон I.1. Доверба во луѓето**




**Графикон I.2. Доверба во семејството**




## Доверба во институциите

Со довербата во институциите е истражувана довербата според трисекторскиот пристап: држава, деловен (приватен) и граѓански сектор. Медиумите и политичките партии поради можноста да припаѓаат во повеќе сектори се издвоени посебно. Кон нив е додадена меѓународната заедница.

**Графикон I.3. Колку доверба имате во:**



Довербата на мнозинство ја имаат медиумите. Блиску до мнозинството се државата и деловниот сектор. Довербата во државата која е во тренд на раст, ја надмина довербата во меѓународната заедница и граѓанскиот сектор, која е во мал пад во однос на претходната 2007 година. И понатаму најмалку доверба граѓаните имаат во политичките партии, каде 37,4 % од нив немаат никаква доверба.

Довербата во државата е во тренд на раст од 29,2% во 2006 година, преку 38,6% во 2007 година до 48,1% во 2008 година. Довербата во државата расте и кај етничките Македонци (на 51,8 % од 26,5 % во 2006 година) и кај етничките Албанци (на 42,1% од 36,2% во 2006 година).

Во довербата кон деловниот сектор, политичките партии и меѓународната заедница има разлики во зависност од етничка припадност. Етничките разлики во доверба кон граѓанскиот сектор се намалија.

**Табела I.1. Етнички разлики во довербата кон деловниот сектор, политичките партии и меѓународната заедница**

| | Етнички Македонци | Етнички Албанци |
|---|---|---|
| **Деловен сектор** | 43,8 | 56,7 |
| **Политички партии** | 26,2 | 42,3 |
| **Меѓународна заедница** | 32,9 | 68,2 |

Кон меѓународната заедница имаат слични перцепции и граѓаните кои го чувствуваат СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ како своја партија со доверба од 38,6%, односно 37,3%.

Младите (од 18 до 25 г.) имаат повисока доверба во деловниот сектор (54,8%), во граѓанскиот сектор (45,6%) и во меѓународната заедница (51,9%).

Земјоделците имаат повисока доверба во граѓанскиот сектор (50%). Слични перцепции кон граѓанскиот сектор имаат граѓаните кои го чувствуваат СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ како своја партија со доверба од 45,1%%, односно 40,9%.

## Доверба во државниот сектор

Различни институции различно придонесуваат кон довербата кон државата.

**Графикон I.4. Доверба во државниот сектор**




За првпат од 2006 година Владата ја има довербата на мнозинството (51%).

Образовните институции, армијата, полицијата и јавните здравствени организации, ја имаат довербата на мнозинството, а локалната самоуправа и јавните комунални претпријатија на малцинството. Претседателот и Собранието на Македонија имаат поддршка на малцинството. Граѓаните имаат најмалку доверба во судството.

Во раст е довербата кон Владата, Собранието и јавните здравствени организации. Падната е довербата во јавните комунални претпријатија, а другите институции се без промени.

Владата има зголемување на довербата за 6,4%, односно довербата е зголемена на 51% од 44,6% во 2007 година и од 26,6 % во 2006 година. Доверба во Владата е зголемена кај етничките Македонци (на 56,2% од 46,3%), а е на исто ниво како претходно кај етничките Албанци (38,5%). Помала доверба има кај младите од 18 до 25 г. (37,4%). Владата има доверба од 35,9% кај граѓаните кои го чувствуваат СДСМ како своја партија, а 74,9% кај граѓаните кои го чувствуваат ВМРО-ДПМНЕ како своја партија.

Довербата во Претседателот на Републиката е 35,6% (35,1% во 2007 г.). Доверба во Претседателот имаат 40,4% од етничките Македонци и 18,7% од етничките Албанци. Претседателот има доверба од 24,3% кај граѓаните кои го чувствуваат ВМРО-ДПМНЕ како своја партија, а 72,8% кај граѓаните кои го чувствуваат СДСМ како своја партија.

Армијата и полицијата имаат доверба кај мнозинството граѓани. Довербата во полицијата е порасната кај етничките Македонци на 62,6% од 52,1% во 2007 година, а кај етничките Албанци е 42% и е на слично ниво од 2007 година (45,6 %).

Локалната самоуправа ја задржува довербата. Како и во претходните години сè уште повисока доверба имаат етничките Албанци (55,6 %), која кај етничките Македонци е 41,7%. Локалната самоуправа има повисока доверба во регионите Полошки (64,6%), Пелагониски (57,4%) и Југоисточен (49,3%), во просекот се Југозападен, Вардарски и Скопски, а помала доверба има во Североисточен (32,3%) и Источен (24,4%).

Во јавните комунални претпријатија имаат доверба 38,8%. Повисока доверба има во регионите Југоисточен (51,4%) и Пелагониски (43,7%). Во полошкиот регион има висока доверба во локалната самоуправа (64,6%) и пониска доверба во јавните комунални претпријатија (34,3%).

## Доверба во деловниот сектор

Во довербата на деловниот сектор истражувана е довербата во микро (семејни), малите и средните, како и големите претпријатија. Општо земено има (незначителен) тренд на намалување на довербата во сите претпријатија.

**Графикон I.5. Доверба во деловниот сектор**




Граѓаните како и во претходните години искажуваат најголема доверба во микропретпријатијата наспроти малите и средните, односно големите претпријатија. Како што расте големината на претпријатието така се намалува довербата во него, без разлика на возраста, образованието, полот итн. Тоа е во корелација со високата доверба во семејството (доверба во сличните).

Во однос на малите и средните претпријатија (МСП), постои тенденција за поголема доверба во нив од страна на испитаниците со повисоко образовно ниво.

# Доверба во граѓанскиот сектор

Граѓаните имаат најголема доверба во црквите и верските заедници (65,6 %), додека има поделеност во довербата кон граѓанските организации. Мало малцинство граѓани имаат доверба во синдикатите и во стопанските комори.

**Графикон I.6. Колку доверба имате во:**




Довербата во граѓанските организации е намалена на 41,2% од 45,4% во 2007 година и од 50,3% во 2006 година. Повисока доверба од 49,5% имаат младите од 18 до 25 г. (49,5%), учениците и студентите (56,8%) и земјоделците (58%). Слична доверба имаат и етничките Македонци (40,6%) и етничките Албанци (43,1%). Најмала доверба имаат граѓаните со најниски примања – под 2000 МКД/член (33,8%), со основно образование (32,7%) и во Скопје (36%). Во граѓанските организации имаат слична доверба и граѓаните кои го чувствуваат СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ како своја партија, со 44,6%, односно 40,7%. Најмала доверба од 18,8% имаат граѓаните кои ја чувствуваат ВМРО-НП како свој партија

# Доверба во професии

Мнозинство од граѓаните имаат доверба во наставниците/професорите, лекарите, свештените/верските лица и полицајците. Најмала доверба, оваа година, имаат судиите (20,7 %). Довербата во наставниците, професорите и лекарите во однос на претходната година се зголемила за 6,4% односно 12,3 %. Иако сè уште на дното на листата на доверба, оваа година и цариниците имаа раст на довербата за 9,6%, а пад на довербата има кај судите за 4,8 %.

**Графикон I.7. Доверба во професии**



Довербата во професиите (наставници/професори, полицајци, деловни консултанти, судии) главно ја следи довербата во институциите. Како и минатата година, кај две професии има разлики: довербата во лекарите (66,8 %) е поголема од довербата во јавните здравствени организации (55,1 %), а довербата на свештените/верските лица (54 %) е помала од довербата во црквите и верските заедници (65,6 %).

Најголема доверба во наставници/професори имаат оние од скопскиот регион (74,8 %) како и испитаниците кои имаа месечни примања повисоки од 12.000 МКД (79,6 %). На судиите најмалку им веруваат невработените (81,9%). На полицајците најмногу им веруваат испитаниците од пелагонискиот (82,3%), а најмалку испитаниците од полошкиот регион (64,2%). Во пелагонискиот регион најмногу им веруваат и на царинициите (51,1 %). Доверба во свештеници и верски лица се намалува со зголемувањето на степенот на образование од 70,6% кај лицата со незавршено основно на 46,5% кај оние со више и високо образование. Образованието влијае и на довербата во деловните консултанти, таа се зголемува од 26,5% кај оние со незавршено основно образование на 44% кај оние со више и високо.

# Заклучоци

### Релативно ниска општа доверба и доверба во институциите

Граѓаните имаат висока доверба во сличните - доверба во семејството (97,8 %) и пониска општа доверба (23,1 %) и доверба во институциите (индекс 43,9).

Индексот на доверба на институциите е 43,9, со раст на довербата во државата (48,1 %) и намалување на довербата во деловниот (47 %), граѓанскиот сектор (41,7 %) и во меѓународната заедница (42,8 %). Медиумите (53,6 %) и локалната самоуправа (44,7 %) имаат стабилна доверба.

Образовните институции (65,8 %), армијата (64,6 %), полицијата (56,6 %) и јавните здравствени организации (55,1 %), ја имаат довербата на мнозинството, а јавните комунални претпријатија (38,8 %) на малцинството. Претседателот (35,6 %) и Собранието на Македонија (38 %) имаат поддршка на малцинството. Граѓаните имаат најмалку доверба во судството (21,2 %).

### Понатамошен пораст на довербата во Владата (и на државата)

Довербата во Владата е повисока за 6,4 %, односно довербата е зголемена на 51% од 44,6 % во 2007 година и 26,6 % во 2006 година. Доверба во Владата е зголемена кај етничките Македонци (на 56,2 % од 46,3 %), а е на исто ниво како претходно кај етничките Албанци (38,5%). Владата има доверба од 35.9 % кај граѓаните кои го чувствуваат СДСМ како своја партија.

Можна е поврзаност на порастот на довербата во Владата со порастот на довербата во државата на 48,1%, преку 38,6 % во 2007 година од 29,2 % во 2006 година.

### Раст на довербата во јавни здравствени организации и во лекарите

Довербата во јавните здравствени организации е повисока за 6% и се зголемила на 55,1% од 49,1% во 2007 година. Лекарите имаат и поголем раст на довербата за 11,6% и таа се зголемила на 66,1% од 54,5% во 2007 година.

### Во граѓанските организации подеднакво имаат доверба и етничките заедници и политичките партии, а најмногу доверба имаат младите

Во граѓанските организации слична доверба имаат и етничките Македонци (40,6%) и етничките Албанци (43,1%) и граѓаните кои го чувствуваат СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ како своја партија, со 44,6%, односно 40,7%. Повисока доверба од 49,5% имаат најмладите од 18 до 25 г. (49,5%), учениците и студентите (56,8%) и земјоделците (58%).

### Раст на довербата во професиите (професори, лекари, цариници), со исклучок на судиите

Довербата во професиите е во раст, посебно на професорите (71,1%), лекарите (66,8%) и цариниците (27,3%). Довербата во професорите и лекарите ја надминува довербата во институциите во кои работат. Исклучок е довербата во судиите (20,7%) која е во мал пад.

# II. ТОЛЕРАНЦИЈА

Големо мнозинство од испитаниците не сакаат соседи кои се зависници од дрога, зависници од алкохол, лица заболени од сида и хомосексуалци. Мнозинството не ги сакаат за соседи жртвите на насилство и Ромите, додека малцинство не сакаат да живеат покрај имигранти/странски работници. Мало малцинство од испитаниците не сакаат соседи да им бидат луѓе од друга вера, луѓе од друга етничка припадност и невенчани парови кои живеат заедно.

Разликата меѓу друга етничка припадност и Ромите е на истото ниво како и претходната година што укажува дека поголемата стигматизација кај Ромите сè уште е присутна.

**Графикон II.1. Дали би сакале следните групи луѓе да ви бидат соседи?**




Споредено со претходната година, нетолеранцијата кон сите групи освен кај луѓето зависни од алкохол и кај жртвите на насилство е во пораст. Бројот на оние што не сакаат соседи од друга етничка припадност се зголемил за 4,3 % (од 25,9 % на 30,2 %), кај оние што не сакаат соседи од друга вера за 3,4 % (од 27,2 % на 30,6 %), а најголемо зголемување има кај оние што не ги сакаат за соседи имигрантите/странските работници – 18,8 % (од 17,7 % во 2007 на 36,5 % во 2008 година).

За сите групи, освен за лицата зависни од droги постојат социодемографски разлики. Етничките Албанци се помалку толерантни од етничките Македонците кон лицата заболени од сида, кон хомосексуалците, кон жртвите на насилство и кон невенчаните парови кои живеат заедно.

**Табела II1.1. Етнички разлики во толеранцијата кон одредени групи луѓе**

| | Етнички Македонци | Етнички Албанци |
|---|---|---|
| **Лица заболени од сида** | 18,7 % | 7,4 % |
| **Хомосексуалци** | 20,6 % | 8,2 % |
| **Жртви на насилство** | 45,5 % | 32,6 % |
| **Невенчани парови кои живеат заедно** | 79,8 % | 49,7 % |

Степенот на образование влијае на толерантноста кон сите групи, освен кај лицата зависни од алкохол и дрога. Повисоко образование – повисок степен на толерантност е правило кај сите групи освен кај Ромите и имигрантите/странските работници каде таа релација е обратна, односно повисокото образовно ниво – пониска толеранција.

Месечните примања влијаат на ставовите за толерантноста кон лицата заболени од сида, кон жртвите на насилство и кон невенчаните парови кои живеат заедно, додека во случајот на лицата зависни од алкохол потолерантни се оние со пониски примања.

Гледано по региони, жителите на пелагонискиот регион се најтолерантни кон лицата од друга етничка припадност, кон лицата со друга вера, кон имигрантите/странските работници и кон жртвите на насилство. Возраста влијае на толерантноста кон хомосексуалците, поточно помладите (30,2 %) се потолерантни од постарите (8,4 %). Членовите на граѓанските организации покажуваат повисока толерантност кон лицата заболени од сида (25,6 % наспроти 14,4 % кај оние што не се членови), кон хомосексуалците (27,1 % наспроти 16 % кај оние што не се членови).

## Заклучок

### Пораст на нетолерантноста кон одредени групи

Во Македонија во пораст е недовербата и нетолерантноста кон различни групи. Во однос на претходната година за сите групи, освен за лицата зависни од алкохол и за жртвите на насилство, резултатите покажуваат зголемена нетолерантност.

Во пораст е нетолеранцијата кон лицата од друга етничка припадност за 4,3 %, кон лицата од друга вера за 3,4 % и посебно кон имигрантите/странските работници за 18,8 %.

# III. ДОВЕРБА ВО ЦРКВИТЕ И ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Во рамките на истражувањето на МЦМС за довербата во граѓанското општество, беше проверена и довербата во црквите и верските заедници. Од сите чинители на граѓанското општество (граѓанските организации, синдикатите и стопанските комори), граѓаните имаат најголема доверба во црквите и верските заедници (65,6 %). Слична е и довербата во свештените/верските лица.

На ниво на поединечни институции, со најголема доверба е Македонската православна црква (МПЦ) со 53,8%, следи Исламската верска заедница (ИВЗ) со 38,4%. Другите верски заедници со по околу 21% доверба.

**Графикон III.1. Колку доверба имате во:**




Довербата во црквите и верските заедници има поврзаност со етничката припадност. Етничките Македонци, претпоставено поврзани со православното христијанство, имаат висока доверба од 70 % во МПЦ, и ниска доверба од 22 % во ИВЗ. Етничките Албанци, претпоставено поврзани со исламот, имаат висока доверба од 77 % во ИВЗ и ниска доверба од 11 % во МПЦ.

Кај ИВЗ, поголема поддршка се забележува кај лицата со основно образование и помалку од тоа (60-65 %). Во другите параметри, вклучително и за другите цркви и верски заедници, нема отстапувања битни за одбележување.

# Заклучоци

### Црквите и верските заедници со висока и стабилна доверба

Општата доверба во црквите и верските заедници е висока (65,6 %) и стабилна – на исто ниво како и минатата година. Свештените лица имаат доверба од 54%.

Довербата во црквите и верските заедници е поголема кај граѓаните со пониско образование.

### Висока доверба во своите: етничките Македонци во МПЦ, етничките Албанци во ИВЗ

МПЦ е со мнозинска доверба (53 %).

Сите цркви и верски заедници имаат висока доверба кај претпоставените приврзаници (верници, членови).

Довербата е изразена кај сличните - во МПЦ имаат висока доверба од 70% етничките Македонци, а во ИВЗ висока доверба од 77 % етничките Албанци.

### Недоверба во различните, можна верска нетолеранција?

МПЦ има доверба од 11 % меѓу етничките Албанци, а ИВЗ има доверба од 22% меѓу етничките Македонци.

Малобројните цркви и заедници како Католичката, Методистичката и Еврејската имаат доверба од околу 21 %. Иако довербата многукратно го надминува бројот на членови на наведените цркви и заедници, сепак големо мнозинство граѓани од околу 79% искажуваат недоверба кон малобројните цркви и верски заедници.

Овие податоци може да укажуваат на верска нетолеранција. Ова е поткрепено и со 30,6 % од граѓаните кои не сакаат сосед од друго верско убедување.

# IV. СТАВОВИ ЗА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во оваа група прашања, испитаниците беа запрашани да одберат два од презентираните четири ставови, според сопствено приоритизирање. Одговорите се анализирани преку вкупните проценти (собрани износи за прв и втор приоритет за секое од прашањата/ставовите).

**Графикон IV.1. Ставови за граѓанските организации**




Има голема изедначеност меѓу ставовите – за сите четири става се изјасниле меѓу 47 % и 53 % од испитаниците. За разлика од минатата година, веќе не се мнозински (вкупно 48,0 %) мислењата дека повеќето граѓански организации се средство со кое вештите поединци доаѓаат до пари и влијание (25,4 %) и дека тие им служат на странски држави, со чија помош се организираат и финансираат.

Овој пат мнозински (вкупно 51,9 %) се мислењата дека граѓанските организации служат да се остварат интересите на граѓаните (33,1 %), односно дека многу способни луѓе не се партиски организирани и граѓанските организации овозможуваат нивното мислење да допре до јавноста (18,1 %). Ова е зголемување (за 9 %) кај овие два става, кои се позитивни за граѓанските организации, на сметка на негативните ставови (пад за 4 %).

Тоа е делумно неконзистентно со падот на довербата во граѓанските организации во оваа година, но може да се толкува дека и покрај падот на општата доверба во граѓанските организации, има позитивна промена во мислењата за квалитетот на нивната работа.

## Граѓанските организации и политичките партии

Мнозинството граѓани (52,7 %) сметаат дека политичките партии ги злоупотребуваат граѓанските организации, односно ги присвојуваат нивните ставови кога имаат партиски интерес, а кога немаат интерес – ги осудуваат како блиски на другата страна. Речиси 30% од испитаниците сметаат дека партиите основаат граѓански организации и ги користат како свои гласноговорници.

Мало малцинство (18,2 %) граѓани сметаат дека партиите водат сметка за ставовите на граѓанските организации, но и тоа е големо поместување од претходната година, кога такво мислење имале само 7,7 % од испитаниците.

**Графикон IV.2. Политичките партии и нивните лидери:**




Наспроти одговорите за поврзаноста на политичките партии и граѓанските организации, на директното прашање за идеолошка или партиска обоеност на граѓанските организации и натаму незначително малцинство граѓани сметаат дека има таква поврзаност.

Нешто повеќе граѓани од минатата година, можеле да наведат конкретна организација за која сметаат дека е поврзана со некоја политичка партија (околу 25 % наспроти 20 % во 2007 година), но и натаму процентот за поединечните организации е незначителен (5,1 % во максималниот случај, а под 1,3 % за сите организации надвор од првите три на листата).

**Табела III.1. Наведете организации зад кои стојат одредени политички партии и/или нивните лидери и ги користат како свои гласноговорници:**

| Организација | % |
|---|---|
| **Мост** | 5,1 |
| **ФИООМ** | 4,8 |
| **Транспарентност** | 4,2 |
| **ССУКМ** | 1,3 |
| **МЦМС** | 1,2 |
| **СОЖМ** | 1,0 |
| **ХКЧП** | 1,0 |
| **Разбуди се** | 0,7 |
| **АДИ** | 0,6 |
| **Светлина** | 0,5 |
| **Синдикат** | 0,5 |
| **Други** | 4,8 |
| **Без одговор** | 74,4 |

# Заклучоци

### За интересите на граѓаните

Мнозинство од граѓаните во Македонија веруваат дека граѓанските организации се за остварување на интересите на граѓаните и можност нивното мислење и дејствување да допре до јавноста. Ставовите дека граѓанските организации се средство со кое вешти поединци доаѓаат до пари и влијание и/или им служат само на интересите на странски држави и на нивните фондации се во малцинство.

Спротивно од минатата година, разликата на позитивните и негативните два става сега е 3,9 %, што е значително подобрување од ланските -9,6 % разлика (или вкупна позитивна промена од 13,5 %), иако во истиот овој период е намалена општата доверба во граѓанските организации.

### Граѓанските организации се непартиски, но злоупотребувани од партиите

Испитаниците се изјасниле дека граѓанските организации се злоупотребени (81,8 %) од политичките партии или од нивните лидери, што е значително зголемување (околу 10 %) во однос на минатата година и е во согласност со намалената општа доверба во граѓанските организации.

Сепак, мало малцинство (околу 25 %) од нив можеле да наведат конкретна граѓанска организација зад која сметаат дека стои политичка партија (во сите поединечни случаи, тој процент е незначителен - помал од 5,1 %).

Ова може да говори за стереотип за поврзаноста меѓу политичките партии и граѓанските организации, кој не е поткрепен со конкретни аргументи.

# V. ПОЗНАВАЊЕ И МИСЛЕЊЕ ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА

## Вовед

Истражувањето ги опфати познавањето и ставовите за конкретни граѓански организации и личности од граѓанскиот сектор.

Покрај општото познавање на граѓанските организации, испитувано е и познавањето на граѓански организации кои работат во конкретни области.

## Познавање на граѓански организации

Испитаниците се запрашани да наведат успешни организации без да се потсетуваат или да им се даваат примери.

**Графикон V.1. Успешни граѓански организации**




Мнозинство од граѓаните (56,1%) знаат да наведат успешна граѓанска организација, 43,3% не знаат, а само 0,6% сметаат дека нема такви.

Познавањето на граѓански организации кои работат во борба против сиромаштијата, развој на граѓанското општество, борба против корупцијата и развој на мали и средни претпријатија, економски развој и вработување е истражувано барајќи од испитаниците да наведат конкретни организации без да се потсетуваат или да им се даваат примери.

Познавањето на организации кои работат во овие области е различно, при што релативно подобро е познавањето на организациите кои работат во борба против сиромаштијата, следуваат организациите кои работат на јакнење на граѓанското општество, па оние кои работат на борба против корупцијата и најмалку познати се оние кои работат на полето на развој на мали и средни претпријатија, економски развој и вработување.

**Графикон V.2. Препознаени граѓански организации кои придонесуваат во борбата против сиромаштијата**




Мнозинство од граѓаните знаат да наведат организација која работи на полето на сиромаштијата. Во однос на претходните години се јавува тренд на намалување на бројот на граѓани кои не знаат да наведат ниту една граѓанска организација која работи на полето на сиромаштијата од 62,2% во 2006, на 48,5% во 2007 и 45,4% во 2008 година. Исто така листата е збогатена со нови организации односно се споменуваат повеќе организации во однос на претходните години.

**Графикон V.3. Препознаени граѓански организации кои придонесуваат во развојот на граѓанското општество**



Меѓу организациите кои работат на јакнење на граѓанското општество во однос на претходните години испитаниците наведуваат поголем број на организации. И тука има тренд на намалување на бројот на граѓани кои не знаат да наведат ниту една организација која работи на полето на јакнење на граѓанското општество од 70,9% во 2006, на 63,5% во 2007 и 59,7% во 2008.

**Графикон V.4. Препознаени граѓански организации кои придонесуваат во борбата против корупцијата**




Мало малцинство од граѓаните знае да наведе граѓанска организација која работи на полето на борба против корупцијата. Сепак има зголемување на познавачите во однос на претходната година од 12,7% на 22,3%.

**Графикон V.5. Препознаени граѓански организации кои придонесуваат за развој на мали и средни претпријатија, за економски развој и за вработување**




Големо мнозинство од граѓаните не знае да наведе организација која придонесува за развој на мали и средни претпријатија, економски развој и вработување. Сепак има зголемување на оние кои навеле ваква организација во споредба со претходната година од 6,9% на 11,4%.

Испитаниците беа запрашани за довербата во граѓанските организации по сектори.

**Табела V.1. Доверба во граѓански организации според сектори**

| Сектор | Има | Нема |
|---|---|---|
| Лица со посебни потреби | 65,5 | 34,4 |
| Деца, млади и студенти | 65,2 | 34,8 |
| Жени и родови прашања | 61,0 | 39,1 |
| Животна средина и природа (екологија) | 58,5 | 41,5 |
| Спорт, хоби и рекреација | 55,3 | 44,7 |
| Социјална грижа (хуманитарни) | 54,6 | 45,3 |
| Култура | 53,5 | 46,5 |
| Демократија, човекови права и владеење на правото | 46,7 | 53,3 |
| Струкови здруженија | 46,2 | 53,8 |
| Рурален развој (вкл. земјоделци, фармери) | 45,2 | 54,7 |

Организациите за лица со посебни потреби и за деца, млади и студенти се со највисока доверба кај граѓаните.

Познавањето на граѓанските организации е испитувано и со потсетување за листа од 24 организации.

Испитувана е општата информираност (слушнале) и познавањето (знаат).

Граѓаните покажуваат различна општа информираност и познавање на различни организации.

**Графикон V.6. Сум слушнал/знам за:**



Одејќи од општа информираност (слушнале) кон познавачи (знаат) за секоја од организациите бројот значајно опаѓа, односно за повеќето истиот се преполовува или многукратно опаѓа. Лицата со повисоко образование, младите, вработените во јавниот сектор, учениците и студентите и оние кои живеат во градовите се подобри познавачи од другите за повеќето организации. Кај одредени граѓански организации влијание има и етничката припадност, па тие се препознавани значително повеќе од една етничка група во однос на другите.

По поединечни организации има промени во однос на претходната година. Се јавува голем пад на информираноста и умерен пад на познавањето за ЗИОМ (пад од 10,6, односно 6,3 процентни поени), умерен пад на информираноста и познавањето за ДЕМ, СОЖМ и СЗПМ и умерен пад на познавањето за Полио плус. Намалувањето на информираноста и познавањето се поголеми во споредба со минатогодишното истражување кога се констатирани само мали промени (главно под 5 процентни поени). Зголемување се забележува кај Мост каде има големо зголемување на познавањето и умерено зголемување на информираноста (12,3 односно 9,6 процентни поени), потоа кај ХДЗР Месечина со големо зголемување на информираноста и умерено на познавачите (13,6 односно 6,9 процентни поени) и кај ЗЕЛС, Меѓаши и Транспарентност Македонија со умерено зголемување на информираноста.

## Ставови (позитивни/негативни) за граѓанските организации

Од познавачите на секоја од листата на 24 организации е побарано да одговорат дали имаат позитивен или негативен став за соодветната организација.

Позитивните ставови за граѓанските организации се многукратно почести во однос на негативните. Појавата на негативни ставови за конкретни организации главно е кај незначително малцинство (до 10%). За 8 (1/3) од посочените 24 организации негативните ставови се над 10% (од 1,6 до 20,4%) што претставува мало малцинство од испитаниците.

**Графикон V.7. Однос на позитивни наспроти негативни ставови за одредени граѓански организации**



Во јавноста преовладува позитивното мислење за сите испитувани граѓански организации. Односот на позитивни спрема негативни ставови е позитивен за сите организации кои биле вклучени во истражувањето, односно на секој испитаник со негативен став доаѓа минимум 1,3 испитаници со позитивен став (за најниско рангираните организации) до максимум 9,7 испитаници со позитивен став (за највисоко рангираната организација). Во однос на претходната година има мали промени на односот на позитивни и негативни ставови кај повеќето организации. Исклучок со поголеми промени се: ПДАС „Меѓаши“ со намалување на односот од 23,8 на 9,7, Полио плус со намалување од 11,6 на 6,8 и Ел хилал со зголемување од 4,4 на 7,8. Средниот однос за групата организации во однос на претходната година бележи намалување од 4,4 на 3,5.

## Познавање на личности од граѓанскиот сектор

Истражувањето на познавањето на личности од граѓанскиот сектор е направено на принцип на препознавање од понудена листа од 13 личности заедно со нивни фотографии.

**Графикон V.8. Препознавање личности од граѓанскиот сектор**




Повеќе од половина од понудените личности (8, односно 57% ) се препознаени од малцинство граѓани.

**Графикон V.9. Однос доверба спрема недоверба за личности од граѓанскиот сектор**



Односот на довербата наспрема недовербата е позитивен за повеќето вклучени личности што значи бројот на оние кои имаат доверба во однос на тие кои немаат е поголем. Сепак односот доверба/недоверба за сите личности е доста понизок од односот на позитивни/негативни мислења на организациите кои тие ги предводат. Средниот однос за личностите е на истото ниво како и претходната година и изнесува 1,5.

## Заклучоци

**Мнозинство граѓани знаат успешни граѓански организации, а споредено со претходно знаат и повеќе за организации кои работат во конкретни области**

Мнозинство од граѓаните (56,1%) навеле граѓански организации кои ги сметаат за успешни.

Познавањето на граѓанските организации е подобрено во сите испитувани области во споредба со 2007 година: борба против корупцијата за 9,6 процентни поени, развој на мали и средни претпријатија за 4,5, граѓанско општество за 3,8 и борба против сиромаштија за 3,1 процентни поени.

**Познавањето на организациите кои работат на борба против сиромаштијата е подобро во однос на другите области**

Единствено за организациите кои работат на полето на борба против сиромаштијата мнозинството од граѓаните (54,6%) знаат да наведат конкретна организација. Во сите други испитувани области (граѓанско општество, борба против корупција и развој на мали и средни претпријатија) мнозинството граѓани не се запознаени со конкретни организации.

**Довербата се зголемува кога се оди општо (граѓански организации) кон поконкретно (потсектори на граѓански организации)**

Општата доверба во граѓанските организации е 41,7%, но кога од испитаниците е побарано да се изјаснат за организациите од 10 конкретни потсектори довербата е значително повисока (односно 55,17%).

**Образованието, возраста и економскиот статус имаат влијание врз познавањето на граѓанските организации**

Лицата со повисоко образование, помладите, вработените во јавниот сектор и учениците и студентите се подобри познавачи на понудената листа на граѓански организации. Исто така тие кои што живеат во градовите се подобри познавачи во однос на тие кои живеат во село. Кај некои организации влијание има и етничката припадност.

**Јавноста има позитивно мислење за граѓанските организации иако има помалку доверба во нивните лидери**

Позитивното мислење за граѓанските организации преовладува кај јавноста. Негативно мислење се јавува кај мало малцинство од граѓаните.

Лидерите на граѓанските организации исто така имаат позитивни коефициенти на доверба, но тие се пониски од коефициентите на позитивно мислење на соодветните организации.

**Односот на позитивно/негативно мислење за граѓанските организации е во опаѓање во однос на претходната година (од 4,4 на 3,5).**

Негативните мислења за конкретните граѓански организации бележат релативно зголемување во однос на позитивните.

# ПРИЛОГ: ПРАШАЛНИК

| ДОВЕРБА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **П1. Општо земено, дали може да им се верува на повеќето од луѓето или треба да се биде многу внимателен со нив?** | | | | |
| Може да им се верува на повеќето од луѓето | | | | |
| Треба да се биде многу внимателен | | | | |
| **П2. Дали може да кажете колку доверба имате во институциите?** | | | | |
| | Голема доверба | Делум. доверба | Мала доверба | Никаква доверба |
| Семејство | | | | |
| Држава | | | | |
| Деловен (приватен бизнис) сектор | | | | |
| Граѓански (невладиниот) сектор | | | | |
| Политички партии | | | | |
| Медиуми | | | | |
| Меѓународна заедница | | | | |
| **П3. Дали може да кажете колку доверба имате во следните институции на државата?** | | | | |
| Претседател на Република Македонија | | | | |
| Влада на Република Македонија | | | | |
| Собрание на Република Македонија | | | | |
| Судство | | | | |
| Образовни институции | | | | |
| Јавни комунални претпријатија | | | | |
| Јавни здравствени организации | | | | |
| Локална самоуправа (општини) | | | | |
| Армијата на Република Македонија | | | | |
| Полицијата на Република Македонија | | | | |
| **П4. Дали може да кажете колку доверба имате во следните институции на граѓанскиот сектор?** | | | | |
| Граѓански организации (НВО, здруженија на граѓани, фондации) | | | | |
| Цркви и верски заедници | | | | |
| Синдикати | | | | |
| Стопански комори | | | | |
| **П5. Сега ќе набројам неколку цркви и верски заедници. Дали можете да кажете колку доверба имате во секоја од нив?** | | | | |
| Македонска православна црква (МПЦ) | | | | |
| Исламска верска заедница во Македонија (ИВЗ) | | | | |
| Еврејска заедница | | | | |
| Други христијански цркви (католичка, протестантска, методистичка) | | | | |
| **П6. Дали може да кажете колку доверба имате во следните форми на деловниот (приватен сектор)?** | | | | |
| Големи претпријатија | | | | |
| Мали и средни | | | | |
| Микро (семејни) | | | | |
| **П7. Дали може да кажете колку доверба имате во следните професии?** | | | | |
| Наставници, професори | | | | |
| Судии | | | | |
| Лекари | | | | |
| Полицајци | | | | |
| Цариници | | | | |
| Свештеници/верски лица | | | | |
| Деловни (бизнис) консултанти | | | | |

| ТОЛЕРАНЦИЈА | | |
|---|---|---|
| **П8. Дали би сакале следните групи луѓе да ви бидат соседи?** | | |
| | Не сакам | Сеедно ми е |
| Луѓе од друга етничка припадност | | |
| Луѓе од друга вера | | |
| Роми | | |
| Имигранти/странски работници | | |
| Зависници од дрога | | |
| Зависници од алкохол | | |
| Лица заболени од СИДА | | |
| Хомосексуалци | | |
| Жртви на насилство (жени, деца) | | |
| Невенчани парови кои живеат заедно | | |

| СТАВОВИ ЗА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО |
|---|
| **П9. Ве молам да одберете со приоритет од 1 до 2 (каде 1 е највисок приоритет) со кои два става најмногу се согласувате.** |
| Граѓанските организации се организирани од страна на граѓаните со цел да се остварат интереси на граѓаните. |
| Граѓанските организации служат само на интересите на странски држави и нивни фондации со чија помош се организираат и финансираат. |
| Многу способни луѓе не се партиски организирани. Граѓанските организации овозможуваат нивното мислење и дејствување да допре до јавноста. |
| Повеќето граѓански организации се средство со кое вештите поединци доаѓаат до пари и влијание. |

| **П10. Политичките партии и нивните лидери:** |
|---|
| Водат сметка за мислењата и ставовите на граѓанските организации и ги вклучуваат во носењето одлуки на национално и локално ниво |
| Кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски на другата страна. |
| Основаат граѓански организации и ги користат како свои гласноговорници |
| **П11. Наведете една или повеќе граѓански организации зад кои стојат одредени политички партии и/или нивните лидери и ги користат како свои гласноговорници?** |
| |

| **ДОВЕРБА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **П12. Сега ќе набројам повеќе категории/области на делување на граѓанските организации. Дали можете да кажете колку доверба имате во граѓанските организации кои делуваат во овие области нив?** | | | | |
| | Голема доверба | Делумна доверба | Мала доверба | Никаква доверба |
| Демократија, човекови права и владеење на правото | | | | |
| Деца, млади и студенти | | | | |
| Жени и родови прашања | | | | |
| Животна средина и природа (екологија) | | | | |
| Лица со посебни потреби | | | | |
| Култура | | | | |
| Рурален развој (вкл. земјоделци, фармери) | | | | |
| Спорт, хоби и рекреација | | | | |
| Социјална грижа (хуманитарни) | | | | |
| Струкови здруженија | | | | |

| **П13. Наведете една или повеќе успешни граѓански организации (активни, постигнуваат резултати и сл.) кои ги познавате:** |
|---|
| |
| **П14. Наведете три организации во Македонија кои според вашето мислење придонесуваат во борба против сиромаштијата:** |
| |
| **П15. Наведете три организации во Македонија кои според вашето мислење придонесуваат во јакнење на граѓанското општество:** |
| |
| **П16. Наведете три организации во Македонија кои според вашето мислење придонесуваат во борба против корупцијата:** |
| |
| **П17. Наведете три организации во Македонија кои според вашето мислење придонесуваат на развој на малите и средни претпријатија, економски развој, вработување:** |
| |

| **П18. Во текот на последните 12 месеци, можете ли да се сетите дека некоја организација и помогнала на вашата заедница на било кој начин?** | |
|---|---|
| Да | Не |

| **П19. Кои се вашите познавања и мислења за следните организации:** | |
|---|---|
| **1) Никогаш не сум слушнал за таа организација** | **4) Ја знам организацијата и имам негативно мислење** |
| **2) Сум слушнал, но не знам речиси ништо** | **5) Ја знам организацијата и имам позитивно мислење** |
| **3) Ја знам организацијата и имам многу негативно мислење** | **6) Ја знам организацијата и имам многу позитивно мислење** |
| Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) | |
| Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија | |
| Транспарентност Македонија | |
| Организација на потрошувачи на Македонија | |
| Центар за граѓанска иницијатива | |
| Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ) | |
| Граѓанска асоцијација „Мост“ | |
| Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) | |
| Фондација Институт отворено општество (ФИООМ) | |
| Центар за институционален развој (ЦИРа) | |
| Македонски црвен крст | |
| Ел хилал | |
| Хуманитарно-добротворно здружение на Ромите „Месечина“ | |
| Сојуз на здруженија пензионери на Македонија | |
| Движење на екологистите на Македонија (ДЕМ) | |
| Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ | |
| Сојуз на студентите на Универзитетот Свети Кирил и Методи (ССУКМ) | |
| Сојуз на организации на жени во Република Македонија (СОЖМ) | |
| Здружение за еднаквост, солидарност и еманципација (ЕСЕ) | |
| Полио плус | |
| Заедница на инвалидски организации на Македонија | |
| Македонска развојна фондација за претпријатија (МРФП) | |
| Заедница на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) | |
| Хабитат | |
| **П20. Колку доверба имате во следните личности од граѓанското општество?** | |

| | Има голема доверба | Претежно има доверба | Претежно нема доверба | Нема никаква доверба | Не ја/го познава |
|---|---|---|---|---|---|
| Владимир Милчин | | | | | |
| Савка Тодоровска | | | | | |
| Суад Мисини | | | | | |
| Звонко Шаврески | | | | | |
| Драги Змијанац | | | | | |
| Слаѓана Тасева | | | | | |
| Мирјана Најчевска | | | | | |
| Сашо Клековски | | | | | |
| Алберт Муслиу | | | | | |
| Тодор Петров | | | | | |
| Сашо Ордановски | | | | | |
| Дарко Алексов | | | | | |
| Бехиџудин Шехапи | | | | | |